Net.Bit

# Нет.ИСМС




**Нет.ИСМС** апликативното решение за водење на системот за управување со сигурност на информациите согласно ИСО27001 стандардот е производ на најдобрата пракса од големиот број на успешно имплементирани системи од страна на консултантите на **Нет.Бит** и во себе ги содржи искуствата и подобрувањата произлезени од тие искуства.

**Нет.ИСМС** го користат сите вработени вклучени во процесот на имплементација и водење на системот за управување со сигурноста - менаџментот, одговорниот за сигурност и сопствениците на процесите. Модулот за пријава на инциденти овозможува негово користење од секој вработен преку Web или Win околина.

**Нет.ИСМС** обезбедува поголема прегледност и контрола врз активностите од системот и го намалува користењето на хартиени документи, како една од мерките за намалување на ризиците врз документацијата.

Нет.ИСМС овозможува:

- ✓ Прегледно, едноставно и брзо дефинирање и мапирање на деловните процеси;
- ✓ Дефинирање на потребни средства (луѓе, хардвер, софтвер, опрема, просторни услови, сервиси, комуникации,...) за секој деловен процес и нивно вреднување;
- ✓ Креирање на инвентарна книга со сите релевантни средства на ИС, групирани по различни критериуми;
- ✓ Брза и едноставна калкулација на ризиците по средствата според квалитативна методологија за пресметка;
- ✓ Идентификација на најзастапени ризици и најзагрозени средства;
- ✓ Листа на применливи сигурносни контроли;
- ✓ Пресметка на влијанијата по работењето според дефинирани критериуми;
- ✓ Рангирање на деловните процеси според повеќе критериуми;
- ✓ Евиденција на минимум потребни средства за континуитет на деловните процеси;
- ✓ Едноставно евидентирање, известување и следење на сигурносните инциденти;
- ✓ Креирање на извештаи за сигурносни инциденти;
- ✓ Управување со документацијата за деловен континуитет (правилници, планови, шеми)
- ✓ Креирање на извештаи за менаџментот;
- ✓ Следење и анализа на ризиците и влијанијата по работењето;

Карактеристики на апликативното решение Нет.ИСМС:

- Модуларно базирано решение со едноставен, лесен за употреба графички интерфејс;
- Применети највисоките стандарди за развој на апликативен софтвер;
- Имплементирани сигурносни контроли согласно стандардите за безбедност на информациите (ISO17799 и ISO27001);
- Централизирано чување на податоците со едноставни функции за заштита на податоците;
- Можност за дефинирање на неограничен број кориснички профили, со различни нивоа на пристап и привилегии;

# Нет.ИСМС

Нет.ИСМС во целост ги поддржува активностите од спроведувањето на управувачките стандарди во работењето и во себе ги содржи следниве можности:

## ⦿ Дефинирање на процесите

Модулот овозможува комплетно дефинирање на процесите согласно препораките на стандардите ИСО9001 и ИСО17799 преку одредување на:

- Клучни активности на деловните процеси
- Влезни параметри за деловните процеси
- Средства за деловните процеси
- Критериуми за реализација на деловните процеси
- Излезни документи за деловните процеси
- Излезни параметри на деловните процеси
- Исто така овој модул овозможува и чување на историјат на промени (верзии) на деловните процеси.

## ⦿ Евиденција на средствата

Со овој модул преку обработка на потребните средства за секој деловен процес се креира т..н. инвентарна книга на средства на информациониот систем кој нуди можности за групирање според повеќе критериуми и категории на средства. Евиденцијата на средствата ги содржи сите потребни информации согласно најдобрата пракса односно ИТИЛ препораките и можност за печатење на различни извештаи според избраната категорија и експортирање на податоците во повеќе различни формати погодни за понатамошна обработка.

## ⦿ Ризици по средствата

За секое од идентификуваните средства од деловните процеси, со помош на овој модул се овозможува едноставно и брзо одредување на ризиците преку користење на квалитативната метода за пресметка на ризици. Модулот овозможува анализа на ризиците преку споредби на резултатите од претходни пресметки.

Исто така овој модул содржи и листа на применливи сигурносни контроли согласно ИСО27001 стандардот.

## ⦿ Анализа за влијанијата врз работењето (БИА анализа)

Модулот за БИА анализа овозможува пресметка на влијанијата по работењето во услови на нефункционирање на деловните процеси според зададени временски рокови и критериуми за вреднување. Врз база на добиените резултати е овозможено рангирање на деловните процеси според различни критериуми, како и евиденција на потребните средства за обезбедување на деловен континуитет на деловните процеси.

## ⦿ Управување со сигурносни инциденти

Модулот за управување со инциденти било да се работи за Web или Win околина овозможува едноставно и брзо евидентирање, пријавување и следење на сигурносните инциденти.

Со овој модул се прибираат и обработуваат информации за:

- Времето и местото на пријава на инцидентите
- Видовите на инциденти
- Засегнатите системи
- Одговорните лица за справување со инцидентите
- Превземените мерки
- Статуси на инцидентите
- Историјат на решавање на инцидент

Исто така се модулот овозможува генерирање на извештаи за:

- Пријавени инциденти
- Решени инциденти
- Најзастапени видови на инциденти
- Најчести причинители на сигурносни инциденти

## ⦿ Документација за деловен континуитет

Модулот овозможува централизирано чување на, и пристап до, целокупната последна (актуелната) верзија на документација за деловен континуитет со дефинирани права за пристап. Исто така модулот овозможува чување и пристап до постари (претходни) верзии на документацијата заради анализи и споредби.

## ⦿ Извештаи

- Модулот овозможува генерирање на извештаи за потребите на менаџментот преку кој се овозможува следење на системот за управување со сигурносни инциденти и тоа:
- Сумарни и компаративни извештаи за пресметка на ризици
- Сумарни и компаративни извештаи за критичност на деловните процеси
- Сумарни и компаративни извештаи за сигурносни инциденти
- Извештаи за имплементирани сигурносни контроли